# XII. ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

## Содржина

1. Вовед ........................................................................................................2
2. Идентификување на потенцијални незгоди и вонредни состојби ......................3
3. Планирање на активностите во случај на незгода или вонредна состојба ......3
4 План за спречување на настанување на пожар ..............................................5
5. Обезбедување на мерки за сигурност на работниците на..............................11
времена работа на објектот ..........................................................................11
6. Мерки за заштита од електрична струја.........................................................14
7. Мерки за заштита при работа .......................................................................14
*8*. Укажување на прва помош ..........................................................................15
9. Громобранска инсталација ..........................................................................15
10. Вежби.......................................................................................................15
11. Мерки за заштита од истекување ...............................................................16

# 1. Вовед

Тимот за заштита на животната средина на асфалтна база „Штип“ на Јавно Претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., постојано ги контролира активностите кои што се изведуваат, при што ги идентификува случаите кои можат да излезат од контрола и да предизвикаат негативни последици во работењето и негативно влијание врз животната средина. Највисокото раководство превзема соодветни технички и организациски мерки за превенција и избегнување на итни ситуации, како соодветна инфраструктура, проверка на инсталациите, назначување на одговорни лица и друго. Од страна на одговорното лице за заштита на животната средина е изработена постапка во која се опишува начинот на кој организацијата се справува во итни ситуации. Постапката се стреми кон соодветна подготовка на организацијата за справување со сите вонредни состојби со цел ефикасно спречување или минимизирање на последиците преку соодветни планови за справување со вонредни состојби. Постапката за делување во случај на незгода се применува во сите организациони делови на организацијата, за сите активности, производи и услуги кои што може да имаат влијание врз животната средина.

Организацијата има развиено и применува план за реагирање при итни ситуации за сите инсталации при ЈП за заштита и одржување на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., соодветно ќе биде применет и за асфалтната база „Штип “.

## 2. Идентификување на потенцијални незгоди и вонредни состојби

Одговорното лице за заштита на животната средина врз основа на важечките законски прописи за животна средина како и врз основа на долгогодишното работно искуство врши идентификување на потенцијалните незгоди и вонредни состојби.

Врз однова на идентификувани потенцијални незгоди и вонредни состојби се изработува План на активности во случај на вонредни состојби.

Целта на овој план е да ги идентификува значајните ризици, да ги дефинира овластувањата и одговорностите на клучните вработени, листата на задолжителни контакти, спецификација на опремата и активностите при итните ситуации.

## 3. Планирање на активностите во случај на незгода или вонредна состојба

Планот за вонредна состојба се состои од предходно одредени и соодветно припремени активности за реагирање и справување со итна ситуација.

Плановите за вонредна состојба ги дефинираат потребните активности при вонредна состојба и вклучуваат:

- Препознавање на потенцијални вонредни состојби;
- Поставување на одговорна личност за координација (водач на тим, координатор), негов заменик и луѓе одговорни за разните активности на пример персонал обучен за противпожарна заштита, персонал обучен за справување со протекување на токсични супстанци и друго (членови на тимот);

- Одговорности и должности на персоналот со определени задачи при настанување на вонредна состојба;
- Опис на активностите кои што треба да се превземат и предвиденото време за реагирање;
- Процедура за евакуација;
- Препознавање и лоцирање на штетни материјали и активности потребни кога вакви материјали се причина за вонредната состојба;
- Соработка со надворешни служби;
- Комуникација со локалните власти, соседи и јавноста;
- заштита на важни документи и опрема;
- детали за вежбите
- Расположливоста на корисни информации за управување со вонредна состојба (на пример распоред на инсталации, податоци за штетните материјали, процедури, упатства и контакт телефонски броеви);

Плановите за вонредна состојба детално го опишуваат начинот на кој раководството и персоналот ќе бидат известувани. Онаму каде што е потребно треба да се предвиди и можноста за известување на разни држави и локални власти како и медиумите и да се назначи одредено одговорно лице.

# 4 План за спречување на настанување на пожар

Од страна на Раководител на асфалтната база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, согласно работните процедури, ќе биде изработен план за делување во случај на пожар кој претставува оперативен документ со кој ќе се обезбеди максимална заштита на имотот и вработените.

Една од првите активности на Одговорното лице за заштита на животната средина при елеборирање на прашањето за справување со вонредна состојба е изработка на План на локацијата.

Планот на локацијата дава детали за непосредното опкружување на организацијата (природни патишта, објекти, водотеци и слично) како и распоред на сообраќајниците, патиштата за евакуација, паркинзи, локации на местата за пружање на прва помош и расположливата медицинска опрема. Исто така планот вклучува локации на табли со упатства во случај на незгода односно вонредна состојба, локации на аларми, опрема за заштита на животната средина и слично.

Опремата за делување во итна ситуација ја обезбедува директорот, додека пак раководителот на асфалтна база е должен најмалку еднаш месечно да ја провери функционалноста на опремата и за тоа да води соодветен запис.

Опремата за делување во случај на незгода односно вонредна состојба вклучува:

- Средства за пружање прва помош
- Апарати за гасење пожар
- Заштитни маски
- Телефон со секогаш достапни интерни и екстерни врски
- Мобилни телефони

Посебно внимание треба се посветува на начинот на работа на оние места каде што постои опасност од појава на пожар. Како основа треба да се обезбедат соодветни ПП апарати како и прибор за гасење на пожар.

Врз основа на чл. 6 став 1 од Закон за пожарникарство („Сл. Весник на РМ" бр. 67/2004, 28/2007, 55/2013) и Законот за заштита од елементарни непогоди донесен е:

## ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЖАРИ

Содржина на оперативниот план за спречување на настанување на пожари:

1. Процена на загрозеноста од пожари
2. Распоред на ПП апарати на инсталацијата
3. Мерки за спречување и настанување на пожари
4. Мерки за дејствување при појава на пожари
5. Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар

### *Проценка на загрозеноста од пожари*

Тимот за заштита на животната средина раководен од Раководител на асфалтна база прави проценка на загрозеноста на инсталацијата од пожари. При проценувањето на загрозеноста во предвид се земени дејноста која што ја врши организацијата, локацијата и објектите со кои што располага инсталацијата, непосредното опкружување, како и намерно подметнување на пожари.

Како карактеристични материјали за појава на пожар на инсталацијата асфалтна база „Штип“ на Јавно Претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје ц.о.:

- Електрична енергија, гориво, битумен термичко масло, материјали кои секојдневно се употребуваат во работењето како и
- Намерно подметнати пожари

На инсталацијата асфалтна база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, постои можност за настанување на пожар и нивно проширување.

Објекти од подолготраен карактер кои можат да бидат загрозени од пожар се:

**1. Асфалтна база**

Објектот е оддалечен од населено место. Изграден е од тврда градба, но најголема опасност има од настанување на пожар. Опасноста најмногу доаѓа од асфалтната база која како гориво користи екстра лесно масло ЕЛ-1 и помошниот материјал како термичко масло.

Предизвикувачи можат да бидат: електрична инсталација, невнимание на работниците при работа со апарат за заварување, боци за заварување и фрлање на недогорена цигара каде што во околината има обраснато трева која во летниот период е сува и лесно запалива.

Со цел да се обезбеди постојана функционалност на противпожарните апарати на предметната инсталација има вкупно поставени 10 ПП апарати од следните типови: S-9 (7 ПП апарати) и S-50 (3 ПП апарати), за кои е предвиден редовен преглед и сервисирање на ПП апарати од страна на Овластена Организација СИГУРНОСТ- ДП ДООЕЛ,Скопје.

***Класификација на пожарите според видот***

**КЛАСА А -** Пожар од дрво, јаглен, текстил, хартија, гума, пластика: се гасат со ПП апарат со воздушна пена со вода и ПП апарат со халон исто така со вода во млаз. Вода се фрла во материјалот кој гори, а не во пламенот.

**КЛАСА Б -** Пожар на запаливи течности што не се мешаат со вода се: сите деривати на нафта, лакови, масти и сите органски растворувачи. Ако се запалат маснотии во тава или лонец најефикасно ќе се изгаснат со покривање на капакот или со влажна крпа. Вода не смее да се употребува. За гаснење се употребува: - ПП апарат со прашок S, ПП апарат со $CO_2$, ПП апарат со халон.

**КЛАСА Ц -** Пожар на горливите гасови: метан, пропан, бутан, ацетилен и др. Согоруваат со пламен и со експлозија. За гаснење се употребуваат: ПП апарат со $CO_2$, ПП апарат со халон и ПП апарат со прашок.

**КЛАСА Д -** Пожар од лесен метал, алуминиум, магнезиум и негови легури. Се гасат со ПП апарат со прашок S и со песок.

**КЛАСА Е -** Сите пожари од класите: А, Б, Ц и Д кога се под висок напон на електрична енергија.

Ако се запали електричен апарат, бруска, бормашинка, најпрво се исклучува кабелот од штекерот, а потоа се гаси со ПП апарат. Ако таков во моментот нема, со млаз на вода. При појава на мали пожари се употребуваат: песок, земја и садови за вода, а од алати: лопата и копач.

***Распоред на ПП апарати***

На асфалтната база посебно внимание се посветува на начинот на работа на оние места каде што постои опасност од појава на пожар. За таа цел обезбедени се соодветни ПП апарати како и прибор за гасење на пожар:

- По објекти
- Работилници
- Возила

**Преглед на ПП Апарати на асфалтната база**

**Со цел да се обезбеди постојана функционалност на противпожарните апарати на предметната инсталација има поставени ПП апарати, за кои е предвиден редовен преглед и сервисирање на ПП апарати од страна на Овластена Организација („СИГУРНОСТ - ДП“ ДООЕЛ Скопје, Прилог XII.1.).**

***Мерки за спречување на настанување на пожар***

Заради намалување на бројот и причините за појава на пожар на инсталацијата асфалтна база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., се превземаат превентивни мерки при проектирањето, изградбата и користењето на објектот електрични, нелекрични, градежни заштитни мерки, мерки за заштита од пожар користејќи едукација за подигање на ПП свеста кај вработените).

Мерките за заштита од пожар во цврста градба се исти како и за заштита на секој објект се ставаат по два апарати за гасење на пожар. Печки на тврдо гориво во затворени простории треба да се поставени на огнеотпорна подлога од слој на бетон или тули и никако не се врши потпалување со течни горива.

Една од мерки за спречување на настанување на пожар е редовно одржување на сите видови уреди во инсталацијата. За таа цел Одговорното лице на базата кој поседува соодветно знаење и искуство врши постојано одржување на уредите во инсталацијата. За превземените активности и редовниот мониторинг над уредите тој постојано ќе го известува непосредниот раководител.

Одговорното лице за одржување во соработка со вработените на базата вршат постојана контрола на лесно запаливите материи и гасови и за своето работење го известуваат непосредниот раководител.

Уредите и средствата за гасење на пожар во исправна состојба како и за изведување на практични вежби во однос на опремата и нејзиното користење. За навремено сервисирање на ПП апаратите тој соработува со овластена организација за одржување и сервисирање на противпожарни апарати „СИГУРНОСТ- ДП ДООЕЛ Скопје (**Прилог XII.1.**). За своето работење постојано го известува непосредниот раководител.

### *Мерки за дејствување при појава на пожар и експлозија*

Во случај на појава на пожар секој вработен кој непосредно ќе се најде на местото на пожарот должен е да пристапи кон гасење на истиот. Доколку вработениот не е во можност сам да го реализира тоа должен е да пристапи кон известува.

***Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар***

Раководителот на асфалтната база, по дознавањето за пожарот должен е веднаш да дојде на местото на пожарот и да го превземе раководењето на неопходните активности за гасење на пожар.

Во управување со настанатата ситуација раководителот кој раководи со операцијата на гасење на пожарот должен е да:

- Изврши проценка на настаната ситуација на теренот
- Организира давање на ПП апарати и друга опрема
- Организира распоред на луѓето
- Наредува да се исклучи електричната енергија
- Евакуација на запаливите материи
- Евакуација на загрозените работници

Во случај да расположливите луѓе не се доволни да го изгаснат пожарот тогаш раководењето со настанатата ситуација го врши ППС Штип.

**Прилог XII.1.** Договор за набавка и одржување на противпожарни апарати склучен со Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опреми и средства СИГУРНОСТ- ДП ДООЕЛ,Скопје.

## 5. Обезбедување на мерки за сигурност на работниците на времена работа на објектот

### *а) Оградување на теренот*

Со цел да се спречи можноста за повреди на невработените лица кои што се движат во близина на инсталацијата, непознавајќи ги доволно изворите на опасноста, границите на инсталацијата се оградени со ограда и се контролира влезот на посетителите на инсталацијата.

***б) Услови на теренот***

За пренос на тешки товари за потребите на објектот обезбедени се набиени и цврсти сообраќајници со што исто така се спречува изнесување на кал и други отпадоци при излезот на главните градски сообраќајници. Брзината на движење на возилата е ограничена на 10 km/h.

***в) Услови на складирање***

За правилно складирање и заштита од уништување, материјалот на инсталацијата се складира во точно определено место и простории за складирање соодветно означени.

Транспортирањето, натоварувањето, истоварот и депонирањето на разни видови градежни материјали и тешки елементи се користат разни видови градежни машини.

Чувањето и транспортирањето на опасни материјали како што се: гориво, битумен, термичко масло и слично е во специјално за тоа наменети цистерни.

***г) Заштита од повреди при работа***

Бидејќи работното ускуство покажало дека најголем број на повреди во текот на работата доаѓаат при транспортирањето, раководството има испланирано и во пракса применува соодветни методи на работа меѓу кои:

- Возилата при утовар и истовар треба да бидат закочени или на друг начин осигурани од движење (за косини се поставуваат подметки и клинови);
- Со работата на група работници на претовар раководи одговорно лице или посебно задолжен работник;
- По завршен утовар или растовар возачот е должен да го прегледа сандакот на возилото, да се утврди дали теретот е правилно поставен,

односно дали е целиот товар распореден, како и да се провери дали сандакот на возилото е осигуран од отворање;

- При утовар и растовар на теренот со механички средства работниците кои што се наоѓаат во близина мораат да се оддалечат;
- Материјалот што се осипува како и теретот со вреќи како што се вар, цемент и друго се полни во камиони во висина на страницата при тоа водејќи сметка за дозволената носивост на возилото;
- Работниците кои што работат на утовар и истовар на вреќи смеат да пренесуваат вреќи до тежина од 50 kg, на растојание од 60 m, под услов теренот да не е успон;
- Долгите терети како што се греди, цевки, арматура се товараат и редат во возилото помеѓу столбови кои што се специјално монтирани, а се со лежаи на шасијата на возилото;
- Утовар и истовар на вакви предмети се врши со помош на електрични дигалки и тоа дел по дел;
- За утовар, транспорт и монтажа на вакви предмети е група на работници специјално оспособени за таа работа;

***д) Предупредување за опасност***

Поединечни места и простории каде што постои повремена и постојана опасност, на јасен и разбирлив начин ќе се постават табли со опомена како: „Опасност од предизвикување пожар“, „Места загрозени од градежни машини“, „Електричен ормар“,„Запалливи течности“, и друго.

***ѓ) Лични заштитни средства***

Сите вработени се задолжени да носат лични заштитни средства за заштита од различни опасности како што се: обрушување на ископан материјал,

убодување на шилести предмети кои што стрчат, паѓање на предмети од висина, паѓање на работници од висина и во длабочина и друго.

Особено е важно секој од работниците при извршувањето на било каква работа задолжително да има соодветна квалификација и да носи соодветни лични заштитни средства како и тоа да работите се извршуваат под контрола на непосредниот раководител.

## 6. Мерки за заштита од електрична струја

Потребите од електрична енергија за работа на машините ќе се обезбедува со електрична мрежа и со агрегати за струја. Приклучокот е извршен на агрегат при што доводот на струја ќе биде обезбеден со соодветен електричен кабел приклучен на главната разводна табла чија што местоположба е назначена на Шема.

Сите електрични се заштитени од удар од повисок напон со заштитно заземјување.

## 7. Мерки за заштита при работа

Со цел да се обезбеди поголема производност и да се намалат прекините на работа, водејќи при тоа грижа за заштита на вработените при работата потребно е да утврдат: изворот, разместувањето и заштитата на машини, уреди и алати кои одговараат на технологијата на работа.

Според законските прописи заштита при работа на работниците на машини, уреди и алати на базата мора поединечно сите машини и алати да се прегледаат така да луѓето кои се задолжени за преглед редовно ги пополнуваат картоните за контролен преглед.

Картоните во секое време се ставаат на увид на надзорните органи како и на раководителот на базата.

Освен периодичните прегледи и испитувања, вработените секојдневно пред почетокот на работата вршат контрола на исправноста на машините, уредите или механизираниот алат.

Со машините мора да ракуваат исклучително стручно оспособени работници со соодветна квалификација и стручност. На останатите работници строго им е забрането ракување со овие машини.

## 8. Укажување на прва помош

За укажување на прва помош во случај на повреда или болест на работниците, обезбедено е сандаче за прва помош со сите потребни материјали според прописите. После укажаната прва помош на болните или повредените работници, ако има потреба се укажува прва помош во најблиската здравствена установа. За потешките повреди обезбедени се носила за носење на повредените работници.

## 9. Грмобранска инсталација

Громобранската инсталација е изведена согласно важечките технички прописи и норми кои обезбедуват заштита од атмосферските празнења.

## 10. Вежби

Во организацијата ќе се спроведуваат периодично вежби со цел проверување и потврдување на степенот на подготвеност на персоналот за справување со вонредни состојби. На пример хипотетичен оган, за да се тестира соодветниот план за вонредни состојби и да се провери неговата ефикасност.

## 11. Мерки за заштита од истекување

Во апликацијата до Министерството за животна средина и просторно планирање за добивање на дозвола за ИСКЗ  се приложени информации за условите на складирање на материјалите, суровините и готовите производи.Имено напоменато е дека во организацијата ќе бидат превземени сите превентивни мерки за спречување на истекување на било какви супстанции, како што се на пример горивата, мазива и слично.